# З А К О Н
# за донации и за спонзорства во јавните дејности

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат давањето и примањето на донациите и спонзорствата со кои давателот и примателот можат да бараат даночни поттикнувања, целта на давањето и примањето, давателите и примателите, предметот, користењето, даночните поттикнувања и евидентирањето и контролата на донациите и спонзорствата во јавните дејности.

**Член 2**

Со донацијата и спонзорството во јавните дејности со кои се остварува јавниот интерес, се придонесува за подобрување на личниот и заедничкиот живот на граѓаните, здруженијата на граѓаните и фондации, физичките и правните лица во Република Македонија, како и за нивната економска благосостојба и социјална правда.

**Поимник**

**Член 3**

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Донација е доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги која не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата и која може да биде дадена за цели од јавен интерес или за поддршка на активностите на примателот.
Под донација, во смисла на овој закон, се подразбираат и жирални давања, теле-давање и организирани настани за прибирање на средства;

2. Спонзорство е доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги за конкретен проект и/или активност, кои овозможуваат директна корист на давателот како што се промоција на име, фирма и заштитен знак на давателот на спонзорството;

3. Јавна дејност е дејност во областа на заштита на правата на човекот и граѓанинот, образованието, науката, развој на информатичкото општество и пренос на електронски податоци, културата, спортот, здравството, социјалната заштита, заштитата на лица со инвалидитет, крводарителството, детската заштита, заштитата на животната средина и други дејности утврдени со закон како јавна дејност;

4. Јавен интерес е поддржување или промовирање на дејности во областа на

заштитата на човековите права, на промоција на културата, етиката, образованието, науката, развој на информатичкото општество и преносот на електронските податоци, спортот, заштитата на животната средина, социо-хуманитарните дејности, развојот на граѓанското општество, промовирање на крводарителството, промоција на меѓународната соработка и други дејности утврдени со закон;

5. Домашно физичко лице е граѓанин на Република Македонија, даночен обрзник;

6. Странско физичко лице е лице, странски државјанин, бегалец или апатрид кој престојува во Република Македонија или кој живее во друга држава;

7. Домашно правно лице се смета јавна установа, единица на локална самоуправа, здружение на граѓани и фондации од јавен интерес, трговски друштва, орган на државна управа и друг субјект кој со регистрација пред надлежен орган стекнал својство на правно лице;

8. Странско правно лице е секое правно лице кое има фирма запишана во трговски регистар во странство или ако е запишано во трговскиот регистар во неговата земја и странски меѓународни невладини организации, фондации, сојузи и нивни подружници кои се непрофитни и

9. Промоција е афирмативно истакнување на името, фирмата и заштитниот знак на давателот на донацијата и спонзорството при давање на донација и спонзорство за вршење на јавна дејност.

**Член 4**

(1) Давателот и примателот на донацијата и спонзорството склучуваат договор во писмена форма, согласно со Законот за облигационите односи.
(2) Предмет на договорот од ставот (1) на овој член мора да биде остварување на јавен интерес определен со членот 3, точка 4 на овој закон.
(3) За донации од членот 3 точка 1 став 2 на овој закон на барање на давателот, примателот му издава писмена потврда.
(4) Формата и начинот на издавање на писмената потврда од ставот (3) на овој член ги уредува министерот за правда со правилник со кој се уредува оваа материја.

**Член 5**

Други закони можат да уредуваат прашања за донирањето и спонзорирањето, но се применуваат одредбите на овој закон за сите прашања што не се уредени во тие закони.

## II. ЕЛЕМЕНТИ НА ДОНАЦИЈАТА И СПОНЗОРСТВОТО

### 1. Давател на донација и спонзорство

**Член 6**

(1) Давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице.
(2) Давател на донација и спонзорство не може да биде физичко и правно лице чие дејствување не е во согласност со Уставот, законите на Република Македонија и со меѓународните договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.

### 2. Примател на донација

**Член 7**

(1) Примател на донација може да биде домашно правно лице.
(2) Како примател на донација може да биде и странско правно лице кое има непрофитен карактер за остварување јавен интерес во друга држава во случаите на елементарни непогоди, природни и хуманитарни катастрофи.
(3) Примателот на донацијата станува сопственик на донацијата и ја користи исклучиво за намената определена во договорот за донација од членот 4 ставови (1) и (2) на овој закон.
(4) Објавувањето на името на давателот на донацијата во периодичните и годишните извештаи, како и во извештаите за користењето на донацијата и во јавната промоција на донаторот не го менува даночниот третман на донацијата.

### 3. Примател на спонзорство

**Член 8**

(1) Примател на спонзорство може да биде домашно правно лице кое врз основа на примeното спонзорство ги извршува обврските што произлегуваат од договорот за спонзорство.
(2) Правата и обврските од договорот за спонзорство мораат да бидат во согласност со Уставот, законите на Република Македонија и со меѓународните договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.

**Член 9**

Објавувањето на името, фирмата и заштитниот знак на давателот на донацијата и на спонзорството во јавните, печатените и електронските медиуми не се смета за реклама.

### 4. Предмет на донација и спонзорство

**Член 10**

(1) Предмет на донацијата и спонзорството се:

≠ финансиски средства,
≠ секаков вид добра и услуги, вклучувајќи и материјални добра, сопствено произведени или набавени и
≠ завештанија и други преносни права.
(2) Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството.
(3) Предмет на донацијата и спонзорството не можат да бидат добра и услуги чиј промет е забранет со закон.

**5. Цели на донацијата и спонзорството**

**Член 11**

(1) Цел на донацијата и спонзорството е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес.
(2) Донација се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.
(3) Спонзорство се дава на примателот на спонзорството за имплементација на јавниот интерес од определена јавна дејност дефинирана во договорот за спонзорство.

## III. ДАНОЧНИ ПОТТИКНУВАЊА НА ДОНАЦИЈАТА И СПОНЗОРСТВОТО

**1. Корисници на даночни поттикнувања**

**Член 12**

Дарателот и примателот на донацијата и спонзорството имаат право на даночни поттикнувања предвидени со овој закон.

**2. Даночни поттикнувања кај персоналниот данок на доход**

**Член 13**

(1) Физичко лице кое донира финансиски средства на правно лице според одредбите на овој закон има право на намалување на персоналниот данок на доход утврден врз основа на неговата годишна даночна пријава (образец „ПДД - ГДП”) во висина од 20% од годишниот даночен долг на дарателот на донацијата, но не повеќе од 24.000 денари.
(2) Персонален данок на доход не се плаќа на примањата по основ на примени донации во согласност со одредбите на овој закон.

**3. Даночни поттикнувања кај данокот на добивката**

**Член 14**

(1) На даночниот обврзник на данокот на добивка износот на дадената донација во тековната година, според одредбите на овој закон му се признава како расход во даночниот биланс во вкупна висина до 5% од вкупниот приход.
(2) На даночниот обврзник на данокот на добивка износот на даденото спонзорство во тековната година според одредбите на овој закон му се признава како расход во даночниот биланс во вкупна висина до 3% од вкупниот приход.
4. Даночни поттикнувања кај данокот на додадена вредност

**Член 15**

(1) Прометот извршен за реализација на донацијата, според овој закон се смета како промет согласно со членот 3 став (3) точки 1 и 2 и членот 6 став (3) точки 1 и 2 од Законот за данокот на додадена вредност. Обезбедувањето средства од Буџетот на Република Македонија се извршува на ист начин како кај прометот извршен за реализирање на странските донации за финансирање на проекти за кои Владата на Република Македонија има склучено договори.

(2) На надоместокот за влезници за културен, спортски или друг јавен настан не се пресметува данок на додадена вредност, без исклучување на правото на одбивка на претходниот данок, доколку целокупниот приход е наменет и се употребува за финансирање на активност од јавен интерес во дејностите од членот 3 точка 4 на овој закон.

(3) На надоместокот за комуникациска услуга согласно со Законот за електронските комуникации кога корисникот со нејзиното користење донира парични средства за финансирање на активност од јавен интерес во дејностите од овој закон, не се пресметува данок на додадена вредност, без исклучување на правото на одбивка на претходниот данок.

(4) За спроведувањето на овој член министерот за финансии донесува правилник во рок од 60 дена од денот на донесувањето на овој закон.

**5. Даночни поттикнувања кај даноците на имот**

**Член 16**

(1) Донацијата во предмети и материјални добра е ослободена од данокот на наследство и подарок кога давателот му го пренесува правото на плодоуживање и користење на примателот.
(2) Донацијата во предмети и материјални добра е ослободена од данок на имот во наредните пет години, по годината во која е дадена донацијата.

**Член 17**

(1) На странско правно и физичко лице, по негово барање, Управата за јавни

приходи (во натамошниот текст: УЈП) му издава документ со кој се потврдува дека донирал или спонзорирал во дејност од јавен интерес во Република Македонија.
(2) Документот од ставот (1) на овој член се издава со цел давателот на донацијата и спонзорството да добие даночно поттикнување за данокот на добивка во неговата земја.

**6. Изземање од даночни поттикнувања**

**Член 18**

Даночните поттикнувања не можат да се остварат кога донацијата и спонзорството се употребуваат за:
1) активности на примателот насочени кон поддршка на политички партии и партиски кампањи и
2) давање од претпријатија на други претпријатија.

## IV. ЕВИДЕНТИРАЊЕ, ОТЧЕТНОСТ И КОНТРОЛА

**1. Известување за користењето на донацијата и спонзорството**

**Член 19**

(1) Давателот и примателот на донацијата и спонзорството се должни да изготват извештај за дадената и за добиената донација и спонзорство кој треба да ги содржи следниве податоци:

1) име и назив на давателот и на примателот;
2) име и назив на крајниот корисник;
3) опис на предметот на донација и на спонзорството кој овозможува нивно идентификување со назначување на количината, вредноста и другите негови особености;
4) крајна употреба на предметот на донацијата и спонзорството и
5) други податоци.

(2) Договорот за донацијата и спонзорството од членот 4 на овој закон и извештајот од ставот (1) на овој член задолжително се доставува до УЈП, доколку со овој закон за нив се предвидени даночни поттикнувања, најдоцна 30 дена од денот на исполнувањето на договорот.

(3) Договорот за донацијата и спонзорството, како и секоја друга документација која е поврзана со донацијата и спонзорството, мора да се чува најмалку пет години од завршувањето на календарската година во која е исполнета обврската од договорот.

**2. Контрола на користењето на донацијата и спонзорството**

**Член 20**

(1) УЈП и други надлежни органи го контролираат давањето, примањето и користењето на донацијата и спонзорството во случаи на примена на даночни поттикнувања во согласност со овој закон.
(2) УЈП и други надлежни органи, доколку при контролата утврдат неправилности и злоупотреби при користењето на донацијата и спонзорството, поднесуваат прекршочна или кривична пријава.

**3. Заштита на јавниот интерес**

**Член 21**

(1) На барање на давателот на донацијата и спонзорството, Министерството за правда во согласност со соодветното министерство во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето издава решение со кое го потврдува јавниот интерес за предвидената донација и спонзорство.
(2) Министерството за правда во рокот предвиден во ставот (1) од овој член, бара мислење за секое поединечно барање врз основа на надлежностите од соодветните органи, како основа за решавање по барањето.
(3) Ако во рокот предвиден во ставот (1) на овој член Министерството за правда не издаде решение, ќе се смета дека барањето е решено позитивно.

**Член 22**

(1) Ако донацијата и спонзорството немаат карактер на донација и спонзорство од јавен интерес, УЈП донесува решение со кое се укинува правото на даночни поттикнувања и го доставува до прекршителот (давателот и/или примателот на донацијата и спонзорството).
(2) Против решението од ставот (1) на овој член, прекршителот има право на жалба до надлежната Второстепена комисија при Владата на Република Македонија.

**V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ**

**Член 23**

(1) Со парична казна од 50.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице - примателот на донацијата и спонзорството, ако не склучи договор во писмена форма (член 4).
(2) Со парична казна од 50.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице - примателот на донацијата и спонзорството, ако не изготви извештај за дадената и за добиената донација и спонзорство (член 17 став ( 1)).
(3) За прекршокот од ставовите (1 ) и (2) на овој член со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни одговорното лице на правното лице.

**Член 24**

(1) Со парична казна од 50.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице - примателот на донацијата и спонзорството, ако не ги користи во согласност со договорот, а предметот на донацијата и спонзорството се враќа

на давателот на донацијата и спонзорството (член 7 став (3) и член 8 став (1)).
(2) За прекршокот од ставот (1) од овој член со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни одговорното лице на правното лице.

**Член 25**

(1) Со парична казна од 50.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице - примателот на донацијата и спонзорството, ако договорот и другата документација не се чува најмалку пет години (член 19 став (3)).
(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни одговорното лице на правното лице.

**Член 26**

Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичкото лице за непочитување на одредбите од членот 4, членот 7 став (3), членот 8 став (1), членот 17 став (1) и членот 19 став (3) на овој закон.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

За спроведување на овој закон е надлежно Министерството за правда.

**Член 28**

Овој закон влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2007 година.